**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 24 септември 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1 со почеток во 16,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на одлуката за распишување на референдум во Република Макеоднија.

(Реакција од пратениците за да им се даде пауза).

Кој бара пауза? (Сите реагираат за пауза).

Пратеничката група на ПДП, ПДП-А и НДП бара пауза.

Колку време барате да трае таа пауза? (1 час).

Значи, 1 час. Добро, во 18 часот ќе продолжиме.

(По паузата.)

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да почнеме со работа.

Во текот на дискусијата ќе предложам една форма за работа, но откако ќе се исполнат условите за отпочнување на седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Потпретседателот неколку пати ги повикуваше пратениците да влезат во салата, за да има кворум за работа.)

Имаме кворум од 61 пратеник и продолжуваме со Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија по точка 2.

Притиснете едно од копчињата, имаме колеги кои стојат таму и неможат да ги притиснат копчињата, а ги броиме. Ве молам вклучете го системот.

Пратениците се преброени и навистина после преборјувањето неколку пратеници излегоа и нормално е дека кворумот ќе се намали. Некои од присутните пратеници тука не ги притиснаа копчињата и затоа се намали кворумот.

Да ви кажам едно, не е чесно вака да се однесуваме. Дали на некого му се допаѓа темата или не, треба да сфатиме дали ќе работиме како пратеници или нема да работиме. И едната и другата тема се чувствителни за општеството во Македонија. Нека водат сметка оние кои сакаат само за една тема да разговараат, дали ќе убедат некој друг, па да дојдат потоа да разговараат за таа тема. Не е убаво вака да се работи. Ако некој мисли дека еве за ова сакам да бидам присутен, за другото не сакам, немој некој да го постави истото прашање во друга прилика.

Сега, последен пат ќе се преброиме, ако има доволно пратеници ќе продолжиме, ако не ќе продолжиме утре.

Ве молам, притиснете го системот.

(Ракција на пратениците во врска со продолжувањето на седницата.)

Ве молам уште еднаш да се преброиме физички и тогаш ако нема доволно

пратеници ќе си одиме.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Незнам што е ова, десет пати не пребројуваш и нема кворум, па затоа може да се заклучи дека е готово, што значи не може да се продолжи со седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе ви соопштам дека продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,45 часот.)